<table>
<tr><td colspan="3">Седмица: 6 Час: 1<br>Датум:</td><td colspan="3">Тема 2: Работа со текст<br>Наставна единица: Програма за обработка на текст</td><td>Одделение:<br>IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да се потсети на основните карактеристики на тастатурата и да може да ја користи при пишување текстови</td><td><u>Сите можат:</u><br>да набројат програми за пишување текст на компјутер</td><td>Кој апликативен софтвер го користиме за пишување текст на компјутер? Кој уред го користиме за да напишеме текст? На колку јазици можеме да пишуваме текст на компјутер? Кога се пишува роденденска честитка, дали можеме да користиме и други симболи и специјални букви за да биде поинтересна честитката? Најава на целта на часот.</td><td>З<br>метод на разговор</td><td rowspan="3">Лист со празна тастатура<br><br>Слика со тастатура<br><br>Компјутер<br><br>Учебник</td><td>Дискусија<br>Прашања<br>Одговори</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u><br>на соодветен начин да ја користат тастатурата за внесување текст</td><td>• Запознавање на изгледот на тастатурата:<br>- Учениците работат во парови и добиваат лист со цртеж на празна тастатура на која треба да ги запишат точните букви, броеви и знаци на копчињата.<br>- Потоа истакнувам слика со тастатура и заеднички ги опишуваме копчињата и нивната функција:<br>- При пишување на мала и голема буква се користи копчето shift, при пишување на кирилица или латиница треба да ја вклучиме соодветната јазична поддршка со копчињата shift + alt (лев), го опишуваме значењето на некои копчиња и кратенки од тастатурата: enter, shift+буква, shift+број, escape (ESC), светилки на тастатура, Num Lock, Ctrl, Alt, Tab.<br>- Учениците прават споредба на изработената тастатурата со тастатурата на сликата и ја дополнуваат.<br>Заклучок: Сите оние дејства што ги правиме еден текст да изгледа поубаво и почитливо се нарекуваат уредување на текст.</td><td>П<br>метод на практична работа<br><br>З<br>метод на објаснување</td><td>Набљудување<br><br>Лист со изработена тастатура<br><br>Дискусија</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u><br>да ги набројат и објаснат копчињата на тастатурата</td><td>Резимирање на активностите од часот: набројува копчиња на тастатурата и нивната функција. Објаснува што опфаќа уредување на текст.</td><td>З<br>метод на објаснување</td><td>Набљудување</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: Дискусија за програми за внесување текст<br>Главен дел: активности за учење на копчињата на тастатурата; работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Резимирање за копчиња на тастатурата и нивната функција</td><td colspan="3">Да внесат краток текст на компјутер.</td><td>Обработка на текст,<br>знаковен регион од типки на тастатурата,<br>регион од типки на тастатурата со цифри.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk